Бр. 12-1708/2
07.08 год. 2019

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
## - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Државната комисија за спречување на корупција, врз основа на членот 22 и членот 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.12/19,) и членот 38 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од подносителот ------------- од ---------- на 20 март 2019 година до Државната комисија за спречување на корупцијата, на 20-тата седницата одржана на 05.08.2019 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**

Пријавата поднесена од подносителот ---------------------- од Скопје на 20 март 2019 година до Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на која е оформен предмет со број 12-1708/1 од 20.03.2019 година, во која се бара Државната комисија за спречување на корупцијата во рамките на своите законски надлежности да преземе дејствија, односно да помогне во доставувањето на документацијата (списи) по предметот оформен по жалбата на подносителот -------------- изјавена против Пресудата на Управниот суд У-1 бр. 1104/2017 година до Вишиот Управен Суд, **СЕ ОТФРЛА**.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино надлежно постапување во предметот со број 12-1708/1 од 20.03.2019 година.

Предметот со број 12-1708/1 од 20.03.2019 година да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Предметот со број 12-1708/1 од 20.03.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава од познат подносител- ------------ од Скопје.

Во пријавата се бара Државната комисија за спречување на корупцијата во рамките на своите законски надлежности да преземе дејствија, односно да помогне во доставувањето на документацијата (списи) по предметот оформен по жалбата на подносителот ------------------ изјавена против Пресудата на Управниот суд У-1 бр. 1104/2017 година до Вишиот Управен Суд.

По разгледување на наводите содржани во пријавата, Државната комисија за спречување на корупцијата оцени дека пријавата не содржи елементи кои укажуваат на


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

сомневање за корупција - злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг, за што надлежна е да постапува Државната комисија за спречување на корупцијата. Наводите од предметната пријава не упатуваат на сомневање за коруптивно дејствување на службени лица, ниту посочените дејствија можат да се подведат под сомневање за коруптивни или незаконски дејствија за кои е надлежна да постапува Државната комисија.

Оваа одлука е конечна и против неа не е дозволена жалба.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука може да се поведе управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот.

Одлучено на ден 05.08.2019 година по број 12-1708/2

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk